КАРПОШ

НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# СПОЈ НА ПРИРОДАТА И УМЕТНОСТА

Ако патот ве води по улицата Жданец, речиси на периферијата на Карпош, не можете да не го забележите дворот на чија ограда стои куќниот број 33а. Тука е домот на Ичевски Александар, пензионер со сосема необично хоби, кое успешно го имплементира во уредувањето на својот двор, што, пак, беше доволен предизвик за тимот на „Урбан Карпош“ да го посети и да ужива во благодатите на чистиот жданечки воздух и во прекрасната глетка . Александар изработува црквички, макети од манастирчиња, но со автентични материјали кои соодветствуваат на вистинска градба. Со железна арматура, преку бетон, цемент и парчиња камен и цигла, до покривни материјали, но и со вградување стакло, овој инвентивен пензионер од Жданец, создава мали уметнички дела кои потоа стануваат дел од нечиј двор. Се разбира, ваквата уметност е тоа што го прави и неговиот двор особен и привлечен за око.

- Мојот двор го средувам сам. Не дозволувам ни некому да ми помага, а уште помалку размислувам за тоа да ангажирам фирма за тоа, како што прават многумина денес – вели чичко Александар. Зеленилото во неговиот двор тежнее да преовладее во секое катче што домаќинот не го зафатил со некоја фонтана, манастирче или друг украс што произлегол од неговите вешти раце. Забележливо е отсуството на цвеќиња, па само што ќе фрлите поглед кон ова прекрасно дворче, добивате впечаток дека се наоѓате во некоја малечка англиска градина, по урнек од некој филм за средновековното кралство.

- Не е дека не ги сакам цвеќињата, ама зеленилото е тоа што ни носи, што ни дарува кислород. Затоа мојот двор е раззеленет од тревникот преку чемпресите, до бршленот. Сакам сѐ да е зелено, да дише – вели Александар. Овој пензионер од Жданец навистина успеал да пронајде начин да го исполнува своето слободно време и целосно да ужива во својата уметност. И тоа, да ужива во вистинска смисла на зборот зашто нема поубав спој од тој на природата и на уметноста.









# ВЕЛИГДЕНСКА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Во рамките на програмските активности на општина Карпош, и оваа година по повод Велигденските празници Општината обезбеди 100 пакети со прехранбени и хигиенски производи. Пакетите се наменети за најранливата група наши сограѓани кои се наоѓаат во зоната на социјален ризик.

Целта на оваа акција е да им ги развеселиме празничните Велигденски денови и со тоа да им ја ублажиме нивната тешка материјална и финансиска состојба. Семејствата на кои им беа доделени пакетите изразија голема благодарност за хуманиот гест на локалната самоуправа.



# ЦВЕТНИЦИ СО КУД „ЦВЕТАН ДИМОВ“

Младинското културно-уметничко друштво „Цветан Димов“ од општина Карпош, го одбележа православниот празник Цветници, со концерт на народни игри и песни. Концертот се одржа на платото на трговскиот центар „Сити мол“, каде што многубројната публика уживаше во прекрасната програма на младите играорци. Околу стотина играорци, членови на културно-уметничкото друштво, исто така беа задоволни од приемот на публиката. „Цветан Димов“ е културно-уметничко друштво кое со години соработува со Општина Карпош и ужива нејзина поддршка, а чија главна цел е пренесување на традиционалните игри и песни на младите генерации.

Младинското културно-уметничко друштво, исто така, при крајот на месецот учествуваше и на Меѓународен фолклорен фестивал во Измир, Република Турција. Меѓу многубројните учесници, ансамблот „Цветан Димов“ ја претстави и Општина Карпош со репертоар посебно подготвен за овој фестивал.







# „ГУМИЛЕНД“ ЗА РАДОСТ НА ДЕЦАТА

Во ООУ„Вера Циривири-Трена“, во средата, 16 април 2014 година, пред присутните гости, родители и наставници, беше отворен „Гумиленд“, детско игралиште изработено од гуми. Игралиштето е плод на заедничката работа на родителите и на наставниците, членови на клубот „Оптимисти“, кој е оформен оваа учебна година. Во овој клуб, како што велат „оптимистите“, се членува на доброволна основа и неговите членови се секогаш подготвени да одвојат дел од своето слободно време и со најразлични активности да придонесат за зголемување на квалитетот на наставните и вонаставни активности во училиштето. Идејата за изработката на ова игралиште, како што ни кажаа од училиштето, потекнува од родителите и од наставниците, кои, секој според своите можности, работеле и во попладневните часови, но и за време на викендите. - Вистинско задоволство беше да се биде дел од овој креативен тим бидејќи целокупното работење беше проследено со весела дружба, шеги и со смеа. Она што навистина не може да се опише со зборови е среќата и радоста на учениците кои вчера првпат го користеа игралиштето – ни изјавија членовите на клубот „Оптимисти“.









